**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија труд и социјална политика**
Број 26-1914/2
10 мај 2013 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на Република Македонија, на Триесет и шестата седница одржана на 10 мај 2013 година, како матично работно тело го разгледа

**Предлогот на Закон за заштита од вознемирување на работно место, во прво читање.**

Потребата од донесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, ја образложи повереникот од Министерството за труд и социјална политика г-ѓа. Ленче Коцевска во согласност со образложението од Предлогот на законот.

Пратеникот Станка Анастасова на почетокот од своето излагање истакна дека имало заложба за донесување на еден ваков закон уште во 2009 година, со кој од тогаш па до денес би се помогнало на голем број на вработени кои биле вознемирувани на работното место и притоа ги презентираше податоците во кои се вели дека до денес нема ниту една правосилна одлука за мобинг или вознемирување на работно место во Р.Македонија, како и тоа дека има податоци и изјава од Сојузот на Синдикатите на Македонија дека 48% од вработените во Македонија се жртви на мобинг. Исто така истакна дека е утврдено дека најзастапен е политичкиот мобинг како и тоа дека силно се загрозени правата на текстилните работници. На крајот од својот говор даде поддршка, што конечно ќе се донесе еден ваков закон и постави прашање до поверникот на Министерството за труд и социјална политика, во насока на Член 33 кој се однесува на товарот на докажување, за тоа дали има погрешен превод од истиот закон донесен во Р.Србија

Пратеникот Сузана Анова истакна дека го поздравува донесувањето на еден ваков закон, со кој конечно ќе биде регулирана една област која е многу тешка за докажување во реалноста и праксата, и со тоа се прави еден голем исчекор кон регулирање на оваа проблематика. Со овој предложен закон се создаваат поконкретни и поцелосни законски механизми кои ќе овозможат отстранување на случаите на психичко вознемирување на работното место, спречување на повторувањето на истото. Исто така истакна дека конечно во Македонија ќе се стави крај на секаков вид на мобинг на работно место, а за поздравување е и тоа што ќе се скрати и постапката за докажување на мобинг и несакани вознемирувања. Целта на овој закон е првично, превентивно да се спрачи да не дојде до вакви несакани дејстава, побрза и поефикасна заштита и спречување на истите такви вознемирувања. На крајот потенцираше дека поднесувањето на овој Закон од страна на Владата ја докажува добрата соработка меѓу Синдикатите и ресорното Министерство и нивната искрена заложба за обезбедување на подобри усови за работниците на своите работни места.

Пратеникот Весна Пемова на почетокот од своето излагање истакана дека го поддржува донесувањето на еден ваков закон кој ќе понуди поголема заштита на работниците било тоа да е во јавниот или во приватниот сектор. Во законот има точно дефинирање на одредени права и обврски на работниците , како и права и обврски за  заштита на работниците и сто така имаме точно дефинирање на актите што се сметаат и можат да предизвикаат вознемирување кај работниците. Самата имплементација на законот ќе покаже одредени негативности кои ќе се следат и во иднина ќе имаме можност да се направи измена и дополнување на истиот.

Пратеникот Цветанка Иванова го искажа ставот на пратеничката група на СДСМ дека ќе ги поддржат овој Закон за заштита од вознемирување на работно место кој е неопходен и притоа имале заложба за донесување на еден ваков закон уште во 2009 година кога за прв пат во Законот за работни односи се вградија две одредби во кои се дефинираше мобингот и психичкото и половото вознемирување. Потребата од донесување на овој закон ја налага не само потребата од усогласување со меѓународните акти, туку се поочигледниот проблем кој што се наметнува во реалноста. Ова е барање не само на Меѓународниот сектор, туку и на невладините организации и Клубот на жени пратенички. Факт е дека со донесувањето на овој закон ќе се повлечат измени и во Законот за работни односи, во кој треба да се воведе посебна дисциплинска мерка (престанок на работен однос заради психичко и полово вознемирување. Исто така искажа благодарност до сите пратеници за поддржка на ставот дека за

овој Закон треба да се оддржи уште една седница со сите заинтересирани субјекти и да се види што може да се подобри во текстот на ситиот. Притоа даде одредени забелешки во однос на одредени одредби: во членот 5 став 5, немање строга дефиниција што претставува вознемирување и мора да се најде начин како да се донесе главниот акт. Во делот на правата, одговорностите и обврските даде забелешка дека треба да се  стави една одредба или став со кој ќе го задолжиме раководителот да врши информирање за тоа што е мобинг и начинот на нивнот препознавање. Околу член 13, одговорност за штета, ваквата дефиниција е преширока. Би било подобро за штетата да е одговорен работодавачот а потоа да има регресно повраќање на сретствата од работникот. На крајот пратеникот даде забелешки околу член 31 за тоа дека работникот нема право да се произнесе при промена на работно место како резултат на мобинг и притоа постави прашање до повереникот на Минстерството за труд и социјална политика за тоа дали претходната постапка е основ за поведување на судска постапка или тоа е треба да биде избор на работникот.

.

**Според член 142 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за труд и социјална политика едногласно констатираше дека Предлог на закон за заштита од вознемирување на работно место е прифатлив и може да се даде на натамошно читање.**

За известител на седницата на Собранието на Република Македонија Комисијата го определи пратеникот Цветанка Иванова.

**Претседател на**
**Комисијата за труд и социјална политика**

Цветанка Иванова, с.р.